# З А П И С Н И К

## од 16-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 30.11.2022 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 11.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 16-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Предлог – Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година;
2. Нацрт - Буџет на Општина Валандово за 2023 година;
3. Предлог-Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот „Детелинка“ во с.Јосифово на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Калинка” Валандово, Општина Валандово;
4. Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово;
5. Предлог – Одлука за утврдување на почетокот на работното време на ЈОУДГ„Калинка“ Валандово во објектот „Детелинка” с.Јосифово;
6. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Калинка” Валандово;
7. Предлог – Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Општински противпожарен сојуз Валандово;
8. Предлог – Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година;
9. Предлог-Одлука за воведување на времено едносменско работење на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово.

Од страна на предтседателот на Советот беше предложена дополнителна 10-тта точка:

10. Предлог-Одлука за одобрување на средства на ФК „Победа“ Валандово за реализација на програмски активности.

Предложеното дополнување на дневниот ред, со десетта точка, беше ставено на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, истиот беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен.

Пред да се пристапи кон работа по усвоениот дневен ред, беше отворена расправа по записникот од 15-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 15 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, образложение даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и едногласно беше усвоена.

ТОЧКА 2

По Нацрт - Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, образложение повторно даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Јулија Тушевска. Рече дека пред советниците на разгледување е Нацрт Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, кој ќе биде на разгледување и достапен и на граѓание наредните 20 дена, пред изготвување на Предлог Буџетот за 2023 година. Според неа Нацрт Буџетот не изгледа дека е развоен бидејќи по многу ставки и програми има кратење на услугите на граѓаните. Смета дека кратење треба да има во делот за договорни услуги и привремени вработувања бидејќи цело време се споменува енергетска и економска криза, па еве може да се започе од таму.

Градоначалникот зеде збор. Рече дека му е драго што Нацрт Буџетот е разгледан и цело време од страна на советничката Јулија Тушевска се анализира. На забелешката за средствата за договорни услуги и привремени вработувања одговори дека општината рационално и одговорно ги користи истите. Овие средства се планирани поради потпишаните меморандуми според кои општината има превземено обврски. Тука се планирани и обврските за плати на вработените во Дневниот центар, потоа плати за ангажирани лица во ТППЕ и Општина Валандово, кои не се редовно вработени, но со Годишниот план за вработување во 2023 година, голем дел од нив ќе бидат редовно вработени. Во приходната страна во наредните години се очекуваат повеќе приходи, поради носењето на Урбанистичките планови, но рече дека тоа опозицијата не ја интересира, ја интересира само расходната страна. За изградбата на тротоарите имаше советничко прашање на претходната седница и одговорот е ист, договорот со компанијата кој беше потпишан пред 1 година и 1 месец, веќе е раскинат, потпишан е нов договор со друга компанија и во наредниот период проектот ќе се реализира. Средствата не може да се исплаќаат додека не се види завршна ситуација.

На советничката Јулија Тушевска и сугерираше за наредната седница добро да се информира кога сака да дискутира за расходната страна, како се трансферираат средствата. Рече дека има промени при буџетските планирања, според кои не може да се креира Буџет според своите желби туку според приходната страна. На прашањето околу Повикот за лицата со попреченост појасни дека истиот траеше до крајот на октомври и во ноември Комисијата работеше на разгледување на барањата, па во текот на декември за тие што ги исполнуваат условите, ќе следи исплата. Рече дека добро е сите советници заедно да се вклучат во сите сегменти за креирање и донесување на Буџетот, па ги повика сите да дадат допринес за развој на општината. Рече дека нема потреба за собирање на политички поени од носењето на Буџетот.

Јулија Тушевска се јави за реплика. Рече дека убаво знае која е приходна, а која е расходната страна. Разгледани и се материјалите во кои се дадени бројките, но нејзината дискусијата е кратка анализа на расходната страна. Рече

дека ќе учествуваат во креирањето на Буџетот за 2023 година и амандманите ќе бидат поднесени навремено за да не излезе како минатата година дека не се навремено дадени и ниеден од нив не се прифати. Беше ветено дека дел од нив ќе бидат вметнати во редовните програми во текот на годината, но ништо од тоа не е спроведено. Рече дека оваа година навреме ќе бидат поднесени до Комисијата за финансирање за да може да се испланират средствата во програмите, за да не излезе како лани со изговор дека се задоцнети и неможе да се предвиде од која програма ќе се исплаќаат средствата.

Претседателот на Советот Владимир Марков зеде збор. Рече дека минатата година амандманите не беа навремено поднесени. Не е во ред самите амандмани да се поднесат на самата седница, која се одржува на крајот на месец декември, бидејќи тие ден-два кои остануваат се користат за доставување на Буџетот до Министерството за финансии заради негово вчитување. Апелираше сега предвреме да се достават, прво до Комисијата за финансирање за да се разгледат, па потоа на седницата на Совет и да има време истите да се вметнат во Предлог Буџетот, да не излезе дека предвреме се одбиваат вашите идеи и предлози .

Јулија Тушевска повторно се јави со реплика. Рече дека од сето тоа што таа го кажа претходно, не се обидува да се извлече поени. Рече дека можеби амандманите претходно беа ненавремено доставени, но истите беа писмено поднесени. И покрај тоа што според Статутот на Општината и Деловникот за работа на Советот има право да се поднесе амандмани и на самата седница, оваа година ќе бидат навреме и исправно поднесени, па да се види колку од нив ќе се прифатат.

Градоначалникот, повторно зеде збор. Рече дека најпрво ќе упати реплика на советничката Јулија Тушевска, а потоа како предлагач на Буџетот кој е плански документ ќе се обрати на јавноста и истиот суштински ќе го образложи. Рече дека амандманите нема потреба да се доставуваат на самата седница, бидејќи не се работи за две завојувани страни, туку сите сме едно и заедно можеме да учествуваме во креирањето на Буџетот и успехот е заеднички на сите. На забелешката дека Буџетот не е развоен праша кои од капиталните проекти не се развојни. Спомна дека сите реализирани проекти во претходните три години се преку Буџетот на општината. Некои од планираните проекти треба да се одложат поради енергетската криза. Според планот за јавни набавки оваа година требаше да се распишат јавни набавки за асфалтирање на улици во: с. Удово, Калково и Марвинци, но рече дека не треба да заборавиме дека пред два месеци се правеше ребаланс поради енергетската криза. Треба на граѓаните да им се каже дека во минатото се плаќаа сметки за струја во износи од по 200-300.000 денари, додека сега до 1.500.000 денари и тоа се средства од Буџетот на општината. Уличното осветлување во некои општини после 12 часот навечер се гаси, додека во општината има само мала рестрикција. Повтори дека Буџетот на општината е домаќински и развоен и со социјална компонента. Наведе дека од 20.000 денари за социјални трансфери кои порано се исплаќаа, сега средства во износ од 2.000. 000 денари се наменети и се враќаат кај граѓаните и тоа кај социјално ранливите категории. Ги повика сите граѓани активно да се вклучат и да дадат конструктивни предлози кои може да бидат вметнати во Буџетот за 2023 година. Во наредниот период ќе започнат нови проекти. Општината има на располагање средства од Министерството за транспорт и врски во износ од 850.000 евра, кои треба да се искористат за асфалтирање на улици и за таа немена во наредните години нема да има зафаќање на средства од сопствениот буџет. Ако асфалтирањето на улици во Балинци, не е капитален проект, изградбата на улица во Пирава не е капитален проект, а претходно беше направена и една друга спорна улица која го отежнуваше животот на граѓаните во с.Пирава, ако улицата и водоводот кој се гради во с. Калково не се капитални проекти според нив, рече дека навистина тој не знае што е капитален проект.

Повика на конструктивност и нагласи уште еднаш дека Буџетот на Општина Валандово е развоен.

Немаше други пријавено за дискусија па Нацрт-Буџетот на Општина Валандово за 2023 година беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 6 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Предлог-Одлуката за давање на користење, одржување и управување на објектот „Детелинка“ во с.Јосифово на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Калинка” Валандово, Општина Валандово, беше повикана директорката на градинката Марија Тодорова Занова да даде образложение.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 4

По Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, повторно директорката на градинката Марија Тодорова Занова даде образложение.

Беше отворена расправа, но никој не се јави за збор, па Советот по спроведеното гласање едногласно, со 15 гласа ЗА донесе заклучок за давање согласност на Одлуката.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлуката за утврдување на почетокот на работното време на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово во објектот „Детелинка” с.Јосифово, излагање имаше директорката Марија Тодорова Занова.

Беше отворена расправа.

За збор се јави Анита Коцева. Таа го поздрави продолжувањето на работното време на градинката до 17.30, наместо до 15.30 часот и додаде дека тоа не е привилегија туку обврска и ова ќе доведе до измени и на термините за оброците. Рече дека ова го кажува од лично искуство затоа што во 15.30 часот детето кога си доаѓа од градинката е гладно. Со сегашниот распоред на оброците во 8.00 и 11.30 децата нема да бидат сити до 17 часот со една ужинка која се состои од овошје, сок или витанова-чоколадо. Смета дека треба да се подигне квалитетот на услугите спрема реалните потреби на децата. Едно дете не може да издржи од 11.30 до 17 часот со една ужина- сок. Рече дека ова го кажува како сугестија, а не како критика.

Упати прашање до директорката: Дали може да се измени распоредот на термините за јадење, дали може да се воведе кујна за децата и ако нема можности за тоа, ако се носи готова храна од централната градинка, да се носи барем готвена храна која е поздрава и ќе им држи ситост на децата до 15 часот.

Директорката Марија Тодорова Занова на овие забелешки даде одговор дека распоредот на активностите е регулирано со Правилник за нормативи и стандарди за престој на деца во предучилишните установи. Таму има регулирано временска рамка до колку е приемот на децата, кога се дели појадок, дневни активности, ручек, пасивен одмор и сл. Сето тоа е согласно пропишаните нормативи. Почетокот и завршетокот на работното време не е предвидено само за активностите и работа со децата туку и на хигиеничарите и другиот помошно - технички кадар што ќе биде ангажиран во градинката „Детелинка“. Во моментот има услови за ангажирање на готвач и тоа ќе биде регулирано до крајот на оваа година.

Немаше други пријавено за дискусија, па предложената Одлука за утврдување на почетокот на работното време на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово во

објектот „Детелинка” с.Јосифово, беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

По Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Калинка” Валандово, беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па Советот по спроведеното гласање, со 9 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ, донесе заклучок со кој беше дадено согласност на измените на Правилникот.

ТОЧКА 7

По Предлог – Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Општински противпожарен сојуз Валандово, немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По Предлог – Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година, образложение даде вработениот од општинаката администрација Ѓоко Аврамски.

Рече дека со носењето на оваа Програма во Општината се создаваат услови за подобрување на социо-економскиот развој. Се овозможува да се стават на продажба 9 градежни парцели во с. Калково со вкупна површина од 7. 525 м2 за цена од по 1 евро/м2. Купувачите ќе имаат рок од 3 години за добивање на градежна дозвола и 10 години рок за градење на објектот.

Тоше Тодоров се јави за збор. Рече дека во ред е тоа што ќе се оттуѓуваат парцелите на граѓаните за цена по 1 евро/м2, дека тоа ќе биде електронски со наддавање, но според него едно е спорно: сите парцели се водат со ист број на карастарска парцела и сопственикот нема да знае која парцела ја купува.

Ѓоко Аврамски на ова одговори дека со Урбанистичкиот план таа катастарска парцела е разработена и на истата има 9 градежни парцели кои се нумерирани и се предвидени за домување.

Градоначалникот одговори дека секако отуѓувањето ќе биде со наддавање и електронски.

Никој друг не се јави за збор па предложената Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Валандово за 2023 година, беше ставена на гласање и изгласана со 9 гласа ЗА, 6 ВОЗДРЖАНИ и 0 ПРОТИВ.

ТОЧКА 9

По Предлог-Одлуката за воведување на времено едносменско работење на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово, немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По предложената Одлука за одобрување на средства на ФК „Победа“ Валандово за реализација на програмските активности, немаше пријавено за дискусија, па истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово
Претседател
Владимир Марков

# З А П И С Н И К

## од 1-вата вонредна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 30.11.2022 година

Веднаш по завршувањето на шеснаесеттата редовна седница, Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков, врз основа на член 40 став 1 од Законот за локалната самоуправа, член 24 став 1 од Статутот на Општина Валандово и член 60 став 5 од Деловникот за работа на Советот на Општина Валандово, свикана вонредна седница.

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 13.30 часот.

На седницата присуствуваа сите членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

Председателот на Советот давајќи образложение за причините поради кои ја свикува вонредната седница, рече дека за време на одржувањето на шеснаесеттата редовна седница, пристигнат е допис од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот со кој се дава согласност на доставениот Предлог на Урбанистички план за село Раброво. Појасни дека точката неможела да се стави како редовна бидејќи веќе бил усвоен дневниот ред за работа и шеснаесеттата редовна седница веќе била во тек. Информираше дека се работи за приоритетно прашање и дека има оценето дека нема пречки Советот да го донесе Урбанистичкиот план за с.Раброво, поради што согласно неговите законски надлежности ја свикува оваа вонредна седница.

Потоа Претседателот Советот ја стави на гласање оправданоста за причините за свикување на седницата без материјална расправа.

Предлогот за оправданоста беше едногласно усвоен, со 15 гласа ЗА .

Се премина на работа по единствената точка :

1. Предлог-Одлука за донесување на УП за с. Раброво.

Образложение имаше вработениот од општинската администрација, Ѓоко Аврамски. Во своето обраќање информираше дека со Урбанистичкиот план за село Раброво се планира идниот развој на оваа населено место, а се опфаќа површина од 29 хектари, на која има предвидено парцели за стамбени и деловни објекти, за комерцијални објекти, објекти за спорт и рекреација, за детски градинки и школи, инфраструктурни објекти.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па Предлог-Одлуката за донесување на УП за с. Раброво беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 15 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово<br>Претседател<br>Владимир Марков